НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година III
број 26
2 Март
2007 год.

Во најголемата пензионерска асоцијација

# Зголемена февруарска динамика

*- Средба со премиерот Никола Груевски*
*- Собранието на СЗПМ ја усвои Ориентационата програма за работа до 2010 година*
*- Состанок со претседатели на Здруженија на пензионери*
*- Основање на постојани работни тела на ИО на СЗПМ*

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во минатиот месец беа остварени повеќе активности што ги диктираше и наложената потреба од заземање ставови по заклучоците на Владата на Република Македонија во врска со Солидарниот фонд на пензионерите, а во фокусот беше и завршната сметка и Ориентационата програма за работа на Собранието на СЗПМ до 2010 година.

Токму оваа програма беше централна тема на втората седница на Собранието на СЗПМ што се одржа на 26 февруари, што ја раководеше претседтелот **Душко Шурбановски,** при што беа истакнати главните задачи за работата за периодот од 2007 до 2010 година, а во тие рамки и годишната Програма за работа на Извршниот одбор.




Во дебатата учествуваа: **Анастас Ивановски, Перо Миланковиќ, Јане Ташковски, Васко Калески, Александар Костов, Митко Данаилов, Миодраг Спасовски, Драги Аргировски, Стојан Насевски, Боривое Бојаџиев, Вите Исјановски, Андон Марковски и Милорад Ристовски,** при што главно беа поддржани предложените програми. Воедно Душко Шурбановски ги информира членовите на Собранието на СЗПМ за средбата со премиерот Никола Груевски што се одржа на 15 февруари.

Завршната сметка за 2006 година беше усвоена со констатации за домаќинско работење, штедење и наменско трошење, а беше усвоен и финансов план за 2007 година.

По овие материјали на 22 февруари, се произнесоа и членовите на Извршниот одбор, при што беше донесена и одлука за основање на постојани работни тела и беа именувани претседатели и членови. На Правно-економскиот совет за претседател беше избран **Никола Николовски**, на Комисијата за соработка **Душко Шурбановски**, на Комисијата за информирање **Драги Аргировски**, на Комисијата за здравство и социјална заштита д-р **Никола Стојановски**, за Солидарни фондови **Љубомир Наумовски**, на Комисијата за културно-забавен живот **Душан Перески** и на Комисијата за спорт и рекреација **Здравко Петковски**.

На почетокот на оваа седница присуствуваше и делегација на Главниот одбор на Сојузот на борците на Македонија (секретарот **Милош Поповски, Трајче Дренковски и Ѓорѓи Георгиевски**) при што беше изразена загриженост за најавеното укинување на граѓанските чекови, што ќе се одрази и врз стандардот на пензионерите. Беше истакната и потребата од соработка по сите заеднички прашања меѓу СЗПМ и СЗБМ.

Пред тоа на 31 јануари, заради подготовка и заземање ставови по заклучоците на Владата на Република Македонија за Солидарниот фонд, се одржа втората седница на Извршниот одбор, а на 5 февруари и состанок со сите претседатели на здруженијата на пензионерите. Во дискусијата во која учествуваа: **Илија Пемов, Момчило Марковски, Ѓурица Ристоски, Димче Богатиновски, Пандо Бачаноски, Љуба Ангеловска, Перо Миланковиќ, Методија Новковски, Ѓорѓи Серафимов, Тодор Кралев, Душан Перески, Павле Спасов, Васко Калески и Душко Шурбановски,** при што се заклучи дека законско право е со средствата на Солидарниот фонд и натаму да располагаат пензионерите, бидејќи се тоа нивни пари и дека подрачните единици на Фондот на ПИОМ немаат капацитет за успешно извршување на оваа работа. Се нагласи дека сега преку Здруженијата на пензионерите погребнината се исплатува истиот ден по поднесување на барање од семејството на починатиот пензионер, а создадената практика треба да се регулира и со измени на Закон за пензиско и инвалидско осигурување, за што до Собранието на РМ е доставен предлог од СЗПМ.

Во текот на февруари се одржаа и седници на собранијата на одделни здруженија на пензионерите (Охрид, Куманово, Кисела Вода, Центар и други) за што опширна информација ќе објавиме во наредниот број на "Пензионерски видици" на 30 март.

**Д. Аргировски**

# Средба со Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија

На 15.02.2007 год. со почеток во 15 часот, во просториите на Владата на Република Македонија, се одржа долгоочекуваната средба меѓу претседателот на Владата на Република Македонија, господинот **Никола Груевски** и делегација на СЗПМ, во состав: **Душко Шурбановски**-претседател на Собранието на СЗПМ, **Андон Марковски**-потпретседател на ИО на Собранието на СЗПМ, **Чедо Георгиевски**-секретар на ИО на Собранието на СЗПМ, **Панде Бачаноски** - претседател на Здружението на пензионерите од Прилеп и **Крсте Ангеловски** - претседател на Градскиот сојуз на пензионерите-Скопје.На средбата присуствуваше и **Влатко Илиевски** од Кабинетот на претседателот на Владата.

Претседателот на Собранието на СЗПМ во уводното излагање ги изнесе основните податоци и проблеми на организацијата при што, меѓу другото, истакна:

-Во СЗПМ се зачленети 47 пензионерски здруженија, со околу 220.000 пензионери, односно корисници на пензија. Во Републикава постојат и делуваат уште неколку сојузи во кои се опфатени околу 46.000. инвалидски и други пензионери.

Експлицирајќи ја незавидната материјална положба на пензионерите, Шурбановски ја илустрира со конкретни податоци.

**- Околу 8%, или близу 22.000 - пензионери примаат пензии до 3.900 денари. Околу 97.000 (или 40%) примаат пензии до 6.000 денари. Околу 86.000 (или 33%) пензионери примаат од 6.000 до 10.000 денари. Така, рече тој, вкупно 214.000 (или 85%) пензионери примаат до 10.000 денари месечна пензија. Само околу 12.000 пензионери (или 15%) примаат пензија во износ над 15.000 денари. Просечната пензија изнесува околу 7.800 или 53% од просечната плата.**

Заклучокот се наметнува сам по себе - мали пензии, сиромашни пензионери.

Со сегашниов начин на усогласување на пензиите (40% од порастот на трошоците на живот и 20% од порастот на платите) состојбата уште повеќе се влошува.

-Ние сме особено заинтересирани, рече Шурбановски, да се разговара за нашите иницијативи покренати уште порано, како што се:

а) измена на условите за усогласување на пензиите;

б) зголемување на пензиите;

в) ослободување од партиципација за лекувањето и лековите;

г) снабденост со лекови и достапност на лекови од позитивната листа;

д) застапеност на пензионерски претставници во Собранието на Р.Македонија во органите на локалната самоуправа, во Управниот одбор на ФПИОМ и други органи и институции поврзани со проблематиката на пензионерите, како и уште некои слични прашања.

Впрочем, со претходната Влада имаме потпишано Меморандум за разбирање по овие најактуелни проблеми.

Најконкретен повод за нашата средба, подвлече Шурбановски, е најавата за можни промени во работата и раководењето со т.н. **солидарни фондови,** кои се наменети за подмирување на трошоците за закоп, во случај на смрт на пензионер.Притоа тој ја изнесе историјата на настанувањето на овие фондови од почетокот на 90-тите години, како и тензиите околу овие фондови во 2000 година, што резултираше и со Одлука на Уставниот суд по повод решенијата на Управниот одбор на ФПИОМ за дејствување и раководење на солидарните фондови.

Давајќи пластична претстава за овој проблем, Шурбановски направи паралела помеѓу сегашнава ситуација и ситуацијата што би настанала со евентуалното раководење - со фондовите од страна на ФПИОМ. Тоа не само што би било лошо, туку е незаконско.Затоа тој се заложи да се најде најбезболно решение за иднина, со тоа што во сегашниот Закон за ФПИОМ ќе се вгради обврска Фондот и понатаму да ја врши работата, како што е предвидено во важечката меѓусебна Спогодба (СЗПМ-ФПИОМ). Притоа укажа дека има сериозно нарушување на таа Спогодба, како на пример односот на Фондот спрема четирите здруженија на инвалидски пензионери и најновиот случај со исплаќање на членарина на Здружението на пензионери од Г.Петров, по налог на заменик директорот на Фондот (самоволно одредување кому и на колку членови ќе се исплаќа). Потсети дека ова се случува по втор пат, бидејќи сличен случај имало и во 2001 година.

Во разговорот имаше искажувања и на други членови од делегацијата, со намера да се подржи заложбата од претседателот Шурбановски за адекватно решение на проблемот.

Претседателот на Владата, очигледно се определи да не коментира многу, туку внимателно да слуша. Наш впечаток е дека не бил доволно информиран за сите овие проблеми.Затоа, пак, веднаш даде налог да се проучат некои од овие прашања и да му се реферира.Тоа дава надеж и за нова ваква средба.

**Чедо Георгиевски**



# Ден на жените

Минуваат речиси сто години од Конференцијата на жените во Копенхаген во 1910 година кога беше донесена одлука Осми март да биде Меѓунароен ден на жената.

Од анкетата со десет претседателки на Активи на жени пензионерки во нашава земја може да се кон-



статира дека во последно време во органите и телата на здруженијата на пензионерите во нашата држава не само што е зголемен бројот на жени-пензионерки, туку се чувствува и нивното сè поголемо учество во хуманитарните акции, во збогатувањето на културно-забавниот и спортски живот и друго. На тој начин кај пензионерките се зголемува самодовербата и почитта, потребата од дружењето и творечките самодејности, создавајќи убави ракотворби, литературни и сликарски дела.



Во чест на празникот и годинава ќе се одржат повеќе пригодни манифестации, како и масовна средба на жени-пензионерки во Кавадарци и Штип. Во тој дух беше и традиционалната манифестација "Блакцата на баба" што се одржа крај велешкото езеро "Младост".

**Д. Арг.**



**Честит 8-ми март**

# Ориентациона програма за работа на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за период 2007-2010 година

Во Република Македонија има 276.386 пензионери. Сите се опфатени во три вида здруженија: 1) здруженијае на пензионери (старосни, семејни,и инвалидски) кои се здружени во Сојуз на здруженијата на пензионери на Македонија (понатаму СЗПМ) и на број се 220.378, 2)здруженија на трудови инвалиди и инвалидски пензионери и во здруженија на инвалидски пензионери со свои сојузи, а на број се 49.364 члена. Според предното, СЗПМ е најголема , најбројна и најраспространета организација на граѓани во Република Македонија. Целта на здружувањето на СЗПМ во основа е да ги организира и координира здруженијата на пензионерите, да ги застапува нивните права и интереси преку иницијативи за почитување и унапредување на законските регулативи и состојби во Република Македонија, да придонесе за поквалитетен живот на пензионерите како и да се изразат пензионерите и нивната организација како чинители во развојот во многу области на животот на Република Македонија.



**I. Остварување на уставните и законските права на пензионерите**

1. Заложбата на СЗПМ ќе биде следење и проучување на овие права во оценки како се остваруваат; дали и како се менуваат и дали тие промени значат напредок изразен во нови права кои значат нов квалитет во животот на старите луѓе , посебно пензионерите.

Зависно од состојбите ќе се покренуваат иницијативи и правни средства пред надлежни државни и други органи за заштита или унапредување или пак сочувување на правата согласно уставните начела за правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните .

2. Во досегашната практика во изминатиот четиригодишен период пензионерската организација претставена преку СЗПМ беше оневозможена во голема мерка да се изрази понепосредно како активен чинител во законодавната свера и при креирање и реализирање на политика и прашања непосредно или тесно поврзани со проблематика и прашања од интерес за пензионерите. Не беа удоволени нашите барања за директно учество преку наши членови во Управниот одбор на Фондот за пензинско и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ) или во некои тела на Управниот одбор; во парламентарната активност немаме учесници бидејќи ниедна политичка партија не овозможи некој пензионер да стане пратеник; во органите на локалната управа или поедини државни органи што третираат проблеми на пензионери или блиски до нивни скоро да нема пензионери. Ниту предходниот ниту актуелниот Парламент или пак предходната и сегашната Влада не прифатија ниедна наша иницијатива кои имаа за цел подобрување на општата, материјалната, здравствената и друга положба на пензионерите. Одтаму како трајна програмска определба останува залагањето за изменување кон подобро на оваа и оваква состојба.

3. СЗПМ ќе се залага за остварување на започнатите, а незавршени иницијативи во предходниот период. Тоа се: иницијативите а) за надокнадување на каматните средства по т.н. прашања врзани за 8%; б) измена на условите за усогласување на пензиите од сегашни 40% од порастот на трошоци на живот и 20% на порастот на просечните плати да се врати на поранешните услови: 80% од порастот на трошоците на живот и 20% од порастот на платите; в ) зголемување на пензиите според ветувањето на поранешната Влада за 10% кое би се реализирало во период до 18-24 месеци; г) реализирање на преземената обврска за ослободување од партиципација на лекови и здравствени услуги на пензионерите постари од 65 години како и подобрување на снабденоста со лекови , нарочно од позитивната листа; д) реализирање обврска за овозможување на пензионерите со хронични заболувања со едно јавување на лекар да добиваат повеќе рецепти за терапија до три месеци; е) изготвување на правна основа за условите и начинот на сервисирање на солидарните фондови на пензионерите.

**II Инстиуционалел развој и организациско јакнење на СЗПМ**

1. Во организации и здруженија на граѓани .какво е и нашето, постојано има потреба од следење и проучување на системот на организирањето, усовршување на методот на работењето и содржините на делувањето на здруженијата и СЗПМ. Во тоа следење и проучување предмет на внимание поодблиску треба да се ограноците - нивната територијална поставеност, бројност, опременост со простории и други материјални и нематеријални средства; организираност на здруженијата - органи и тела за работа, кадровска, структурална и стручна екипираност; оспособеност за работа на новоизбраните состави на Собранијата, Извршните органи и нивните постојани и повремени тела и сл. Тоа се однесува и на СЗПМ. Конкретните согледувања треба да бидат предмет на расправа на сите нивоа проследени со конкретни решенија (менување на форми и облици, видови и бројност на органи и тела; држења на советувања, дебати и расправи, оспособување на кадри за работа и нивно подобро ангажирање во дејноста и сл.)

2. Секојдневниот живот, менување на општите услови, современи политички, економски и други состојби и потреби инсистираат и на менување, односно осовременување на наши нормативни акти, а посебно на Статутите на Здруженијата и на СЗПМ. Очекувањата дека Парламентот ќе направи измени и дополни на Законот за здруженија и фондации или дека ќе донесе нов Закон, а со тоа и значајни измени во статусот на пензионерските здруженија и СЗПМ не се исполнија. Треба да се одпочнат постапки за нови Статути со кои ќе се овозможи реализирање и на предходните институционални и организациски измени како и на менување на видот и квалитетот на меѓусебните статутарни одоси на здруженијата и СЗПМ.

3.Соработката помеѓу здруженијата; меѓу здруженијата и СЗПМ, со други здруженија на граѓани и нивни Сојузи; со политички партии, со хуманитарни и слични организации; со институции и служби на државата, со органите на локалната самоуправа и со други субјекти со кои има, може или треба да се контактира и дејствува заеднички нужно е да се создава, гради, негува, проширува и продлабочува со цел поуспешно да се решаваат заедничките прашања, интереси и потреби, да се менуваат искуства, организира содејство кога и каде е потребно, да се обогатува со нови форми, облици и содржини.

**Посебнасоработка треба да градиме со Синдикатите и нивниот Сојуз. Со нив имаме многу допирни точки и интереси. Едно време бевме колективен член и остварувавме значајни и корисни заеднички активности. Во денешни услови силно е нагласена потребата од таквата соработка.**

**4. На меѓународен план немаме значајна соработка. Потребата од соработка со пензионерите во Европа и светот , посебно со пензионерите и нивните организации во соседните земји секојдневно е нагласена. Во сите средини и држави има интерес да се видат и осознаат содржините и програмските определби, методи на организирање и работа, статус во општеството, услови за работа и сл.** Ние сме лимитирани со сознанија на еден број неупатени пензионери, односно со приговори дека тоа не е неопходно, дека correspondingкориста е мала, дека тоа е непродуктивно шетање, дека е скапа работа и сл. Во минатиот мандат имавме можност да учествуваме во работа на два конгреси посветени на пензионерска тематика и се уверивме дека приговорите не држат. Пред десетина година остварени се контакти со пензионерски организации од повеќе земји но, за жал, не се одржувани и негувани. (Италија, Франција, Шветска, Романија, Бугарија, Словенија, Хрватска, Србија, БиХ; Црна Гора).

Исто така не се исползувани можности за соработка помеѓу здруженија - соседи од наша страна со оние од граничните земји. Интерес има од наши и здруженија од сите соседи и тоа треба да се исползува како основа за остварување на соработка. За таа цел ќе се изготви платформа и спогодба и понуди на оние со кои сакаме да соработуваме.

**III Солидарно осигурување, социјална заштита , хуманитарна дејност**

1. Повеќегодишната практика на работење на солидарните фондови при здруженијата на пензионерите успешно ја премости неангажираноста на Државата со помош да ги подржи семејствата при случај на смрт на пензионер. Солидарните фондови таа неангажираност ја надоместија со свое учество со исплаќање на надоместок при погребување. Пензионерите и други членови на солидарните фондови се многу задоволни од брзината на исплатата на надоместокот, а во најголем број на здруженија и со висината на надоместокот. Иницијативите на некои поединци и институции (Министерство за труд и социјална политика, ФПИОМ) треба да се одбијат и да не се дозволи тие да ја преземат улогата на здруженијата. За тоа има многу наши валидни аргументи и треба да се истрае во одржување на сегашната практика. Во прашање се пензионерски (лични) средства, брзо и ефикасно исплаќање на надоместокот, неплаќање било какви дажбини (такси,провизии,услуги) и сл. Доколку може да се унапреди и усоврши делувањето на фондот тоа ќе биде само од корист за пензионерите. Тоа значи да се насочи нашето внимание кон предходната определба.



2. Голем број пензионери се со ниски пензии. Одтаму потреба особено за оние пензионери кои освен пензија немаат други приходи, Здруженијата на пензионерите и СЗПМ да бараат начин и услови преку социјалните фондови во Републиката да им се помага со доделување материјална помош. Посебно таква помош е нужна на пензионери кои немаат во семејствата други носители на финансиски средства, а живеат од малата пензија или на пензионери кои се сами, без пород или напуштени.

3. Здруженијата на пензионери да се организираат во помагање на свои членови во случај на болест, оперативни зафати, трајни лоши последици и сл. на основа на правилници или друг вид пропозиции; во организација на поединечни или заеднички активности со различни хуманитарни организации (Црвен Крст, Сребрена полумесечина, Каритас организации и др.) да се помага на пензионери во снабдување на дрва, помош на осамени и изнемоштени пензионери со ангажирање волонтери и слично.

4. При користење на објекти за одмор и рекреација , бањи и летувалишта да се создаваат услови поголем број на пензионери да одат во нив со бенифицирање на патни трошоци и цена на престојот врз база на пропишани правила и пропозиции. Таквата помош ќе придонесе ползата од вакви објекти да ја почувствуваат и посиромашните пензионери.

5. Здруженијата на пензионерите и СЗПМ да се ангажираат на изградба на пензионерски и старски домови. За некои вакви објекти се започнати потребни активности . Потребата од вакви објекти е многукратно нагласена. Решавањето на власништво на пензионерските домови помеѓу ФПИОМ и Здруженијата ќе придонесе за нивно користење и одржување. Просторот пред се да се намени за пензионерите, а не да се дава под наем, а средствата да одат во не пензионерски сврхи. Старските домови ќе овозможат да се - здомат одреден број на пензионери со што ќе се подобри квалитетот на нивниот живот.

**IV Подобрување на квалитетот на животот на пензионерите**

1. Пензионерските години не значат губење на интерес за многу потребните, бараните и интересните спортски и рекреативни активности. Наназад десетина години најмногу ангажирања во оваа област имаше на спортско поле преку одржување на пензионерски спортски игри и натпревари. Нема никаква причина со нив да не се продолжи и понатаму. Се поголем е бројот на пензионери што се заинтересирани за оваква активност. При тоа да се почитува Правилникот за игрите. СЗПМ по редот на работите да се организира соодветно на потребите (органи, терени, рокови, термини, средства и др.). Да се настојува во игрите да присуствуваат сите здруженија под мото дружба и масовност.

Рекреативните активности се се поприсутни во здруженијата и треба да им се посвети повеќе внимание.

2. Културно - забавните активности од година во година се се поразвиени, позастапени и поразновидни во сите пензионерски средини. Здруженијата и СЗПМ треба уште повеќе да создаваат услови и можности за ваквo себеизразување на пензионерите. Се повеќе имаме разновидни групи - пејачки, играорни, музички, хорски, фолклорни и бројот на исполнители е се поголем. Ваквите активности се одвиваат на сите нивоа на организираност од огранок, здружение, па се до СЗПМ. Класични станаа регионалните и меѓурегионалните ревии. Тоа се врвните прикази на постигнатото. Затоа здруженијата и СЗПМ треба уште повеќе да ги форсираат создавајки материјални и други предностaвки за нивно одржување.

Во оваа област може и треба повеќе да се стори и во сверите на литературата- пишување проза и поезија, организирање приредби, посети со културно забавни содржини, формирање нови групи и видови културно забавни активности; меѓусебни посети на здруженија со приредби и дружења, театарски прететави, приредување приредби за свои сограѓани, помагање на поединци и групи со интересни идеи и планови, уметнички активности-сликање, изложби, ракотворби, литературни читања и сл. Имагинативни духови ќе смислат и понудат и нови идеи и активности. Нужна е и конкретна подршка.

**V Информирање**

Големо значење во современиот живот, а со тоа и во животот на пензионерите има информираноста. Навремената, вистинита, целосна информација е нужност која здруженијата и СЗПМ треба да ја реализираат и таа да стаса до што може поголем број на пензионери. Предмет на информирањето пред се треба да бидат активностите во здруженијата и СЗПМ и од поширокатa јавност во врска со прашања што ги засегаат интересите на пензионерите. Досегашните начини на информирање се оценети како добри, но недоволни. СЗПМ и понатаму ќе издава "Пензионерски видици" како подлисток на "Нова Македонија" и ќе се залага за емитување на МТВ на емисијата-"Трето доба" со подобра содржина, ќе издава два билтени посветени на активностите во областите на спортувањето и културно - забавното поле и на други начини ќе ги информира здруженијата и членството. Ќе се залага информативната дејност уште повеќе да биде присутна во здруженијата преку информатори, билтени, подлистоци, информативни состаноци, јавување преку месни информациски медиуми и сл. Исто така ќе се залага за што подобро искористување на можностите што ни ги создава поседувањето на компјутерите добиени во 2006 год. и со воспоставување што е можно поскоро на WEB страница преку мрежата на Интернет . Ќе се инсистира на поголема раздвиженост на комисиите за информирање што ги има и во СЗПМ и во сите здруженија.

• • •

Секоја година СЗПМ и здруженијата ќе организираат одбележување на денот на пензионерите - 20. Септември.

Исто така ќе се организира учество на наши претставници во одбележување на "Илинден" АСНОМ. Ден на Републиката - 8. Септември и други.

Сето тоа се основа за изготвување на годишни програми на органите на Собранието.

**СЗПМ**

